Република Северна Македонија

**Министерство за правда**

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

Архивски бр. 08-1483/1
датум 07-07-2026

# ЗАПИСНИК
# ОД НАДЗОР ВО АПЕЛАЦИОНЕН СУД СКОПЈЕ

Министерот за правда со решение бр. 08-527/1 од 25.02.2026 година согласно член 84 ставовите 3, 4, 5 и 6 од Законот за судовите и членот 14 од Законот за управување со движењето на предметите во судовите („Службен весник на РСМ" бр. 42/20) формираше Комисија за надзор над примената на одредбите од Судскиот деловник и надзор над спроведувањето на одредбите од Законот за управување со движење на предметите во судовите, за 2026 година.

**Комисијата за надзор на ден 16.03.2026 година во 10:00 часот**, согласно Планот за надзор бр. 08-2554/1 го започна надзорот во **Апелационен суд Скопје** за контролниот период од 2024 до 2026 година, односно за периодот од последниот увид на Комисијата за надзор **во 2024 година до 2026 година.**

Комисијата изврши увид во судот во присуство на претседателот на судот м-р Мери Дика Георгиевска, судскиот администратор Маја Христовска и информатичарот задолжен за АКМИС системот Наташа Однакозова Жабокова.

Претседателката на судот укажа на повеќе состојби со кои се соочува судот, првенствено по однос на непополнети и испразнети судиски места, бројот на вработени во судската служба и одливот на истите, без притоа да се одобрат нови вработувања воподолг временски период, како и незавидната состојба со судиите поротници во судот.

Имено, согласно Одлука на ССРСМ утврдени се 52 судиски места во Апелациониот суд Скопје, вклучително со претседателот на судот. Во моментот се пополнети 41 судиско место, но судиската функција ја извршуваат 36 судии, заедно со претседателот на судот, тројца судии се времено оддалечени од извршување на судската функција, а две судиски места се во мирување по избор на еден судија за судија во Уставен суд и еден судија за член на Судски совет на РСМ.

Во Кривичниот оддел распоредени се девет судии, шестмина од нив постапуваат по кривични предмети од уписниците (КЖ, КОКЖ, КЖМ, КСЖ и КР), распоредени во два совета од тројца судии, два совета од петмина судии, еден совет за деца составен


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски" бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

од тројца судии и еден Кривичен совет. Тројца судии се распоредени во еден прекршочен совет од тројца судии кои постапуваат по прекршочни предмети (ПРКЖ), и учествуваат во работата на кривичните совети од петмина судии.

Во Граѓанскиот оддел постапуваат дванаесет судии, распоредени во 4 совети од по тројца судии, кои одлучуваат по граѓански предмети (ГЖ). Со оглед на заостатокот на нерешени граѓански предмети во работа, кои се примени во судот сметано од 2023 година и константниот прилив, овој број судии не ги задоволува потребите на судот, дотолку повеќе што во секој од советите е распоред и постапува судија избран во јули 2025 година, кој во првостепен суд постапувал исклучиво по предмети од кривична област.

Во Трговскиот оддел постапуваат шест судии, распоредени во 2 совети од по тројца судии, кои одлучуваат по стопански предмети (ТСЖ).

Во Одделот за работни спорови постапуваат 8 судии, распоредени во 2 совети, кои одлучуваат по предмети од работни спорови (РОЖ).

Состојбата во судската служба по однос на пополнетоста на работните места е идентична како кај судиите, со постојан одлив на вработените во последните три-четири години. Бројот на судски службеници во момент во судот е 105, а по систематизација се предвидени 244 работни места. За 2026 година предвидени се и одобрени 10 нови вработувања во судската служба, но сеуште се чека реализација на истите која е неизвесна.

Исто така, повеќе години наназад (од 2020 година) не се одобрени унапредувања на вработените во судската служба со цел вреднување и мотивација на вработените, а со тоа и унапредување на состојбите во судот.

Од друга страна, во судот се внимава на условите за работа на сите вработени и законските обврски за безбедност при работа. Во 2023 година е завршено реновирањето на водоводната инсталација и хидрантската мрежа, санитарните јазли и партерното уредување пред судската зграда и во внатрешниот двор, каде е уреден и паркинг просторот. Во текот на 2024 година целосно се уредени четири нови судници, од кои две се наменети за судења од кривична област, а дугите две за судења од граѓанска област. Во 2025 година целосно се реновирани и уредени дваесетина простории за судските стручни службеници. Со тоа за секој вработен се обезбедени соодветни просторни, технички и материјални услови за работа. Согласно одобрените финансиски средства се внимава на уреденоста и хигиената во судската зграда.

Судот во месец јули 2021 година има направено проценка на ризик за секое работно место. За сите вработени има спроведено обука од областа на безбедност при работа. Исто така, извршени се мерења на микроклиматски услови (температура, влажност, струење на воздух, мерење на осветленост, мерење на бучава и изпиотување на нисконапонски електрични инсталации во рамките на постапката за препознавање и утврдување на опасностите кои се јавуваат со користење на електирчна енергија на работното место) во судската зграда. Во месец декември 2023 година, извршена е обука на дел од вработените за давање на прва помош. Во месец октомври 2024 година, дел од вработените биле на обука за ракување со рачни противпожарни апарати.

Судот се соочува со недостиг на судии поротници, првенствено поради законските услови кои треба да ги исполнат кандидатите за оваа позиција по однос на старосната граница, а секако во голема мера влијае и надоместокот кој го добиваат судиите поротници за нивниот ангажман. Надоместокот е утврден во 2018 година и истиот не е променет што значи дека износот од 570 денари на дневна основа, со вклучен превоз и без оглед на бројот на рочишта на кои присуствува судијата-поротник, е премногу мал.

И покрај редовното објавување на огласи за пополнување на оваа позиција, за која се предвидени 32 места, заинтересираноста е многу мала, а судот функционира со само четири ангажирани лица, со што се отежнува одржувањето на јавни седници/расправи чиј број континуирано се зголемува. Оваа состојба трае повеќе години наназад. Предлог на судот е да се измени законот за судовите во делот на судиите поротници, со промена на старосната граница до 70 години и да се интервенира по однос на паричниот надоместок.

Во 2024 година во судот постапувале само 28 судии, кои ја оствариле предвидената ориентациона норма за решавање на предмети и судот бил ажурен. Иако 2025 година, судот ја започнал со 33 судии и во текот на годината започнале со работа 8 нови судии, сепак судот ја завршил годината како неажурен суд што се должи на значителниот број нови судии.

Во Апелациониот суд Скопје на годишно ниво се постапува во повеќе од 23 000 предмети, од кои поголем дел се сложени поради надлежноста на судот, кој покрива апелационо подрачје од девет основни суда, вклучувајќи ги Основниот кривичен суд и Основниот граѓански суд во Скопје, што подразбира и предмети од организиран криминал, сложени стопански предмети и слично.

Во зградата на Апелациониот суд Скопје работите од својата надлежност ги извршува Советот на јавни обвинители, кој навремено и сразмерно ги намирува комуналните трошоци.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ И СОСТОЈБА НА СУДОТ

### 1. Програма за работа

- Су-03-439/23-2 од 28.12.2023 година,
- Су-03-419/24-2 од 27.12.2024 година,
- Су 03-439/25-2 од 26.12.2025 година.

Донесена и Методологија за вршење на посети на основните судови од подрачјето на Апелациониот суд Скопје

- Су 03-441/23-2 од 28.12.2023 година,
- Су 03 421/24-2 од 27.12.2024 година,
- Су 03-441/25-2 од 26.12.2025 година

Достава на извештај за реализација на програма за работа на претседател на суд најдоцна до 1 март до Судски совет

- Преглед и реализација на цели ИСО 9001:2015 Су-03-59/24-40 од 10.03.2025 година, Су 03-159/25-3 од 24.04.2025 година.

### 2. Број, вид на судски оддели со број на судии кои постапуваат по предметите (имиња и област по која постапуваат) (член 66 СД)

Во Кривичниот оддел распоредени се девет судии, шестмина од нив постапуваат по кривични предмети од уписниците (КЖ, КОКЖ, КЖМ, КСЖ и КР), распоредени во два совета од тројца судии, два совета од петмина судии, еден совет за деца составен од тројца судии и еден Кривичен совет. Тројца судии се распоредени во еден прекршочен совет од тројца судии кои постапуваат по прекршочни предмети (ПРКЖ), и учествуваат во работата на кривичните совети од петмина судии.

Во Граѓанскиот оддел постапуваат дванаесет судии, распоредени во 4 совети од по тројца судии, кои одлучуваат по граѓански предмети (ГЖ). Со оглед на заостатокот на нерешени граѓански предмети во работа, кои се примени во судот сметано од 2023 година и константниот прилив, овој број судии не ги задоволува потребите на

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

судот, дотолку повеќе што во секој од советите е распоред и постапува судија избран во јули 2025 година, кој во првостепен суд постапувал исклучиво по предмети од кривична област.

Во Трговскиот оддел постапуваат шест судии, распоредени во 2 совети од по тројца судии, кои одлучуваат по стопански предмети (ТСЖ).

Од месец април 2023 година до месец септември 2025 година, судиите кои постапувале по трговски спорови биле распоредени во два совети како дел од Граѓанскиот оддел на судот, а од месец април 2025 година, во судот постапувале само двајца судии постапувале по предмети од трговската област. Во септември 2025 година, по изборот на нови судии повторно е формиран Трговски оддел со два совети по тројца судии.

Во Одделот за работни спорови постапуваат 8 судии, распоредени во 2 совети, кои одлучуваат по предмети од работни спорови (РОЖ).

Во Одделот за судска практика постапуваат претседателот на судот и сите судии, а стручен судски советник ги прибавува сентенците и се изработуваат редовно билтени, најмалку по 2 годишно, кои се објавуваат на веб страницата на судот.
Во билтените се објавуваат и заклучоци од седници на оддели и тркалезните маси одржани на ниво на четирите апелациони судови и Врховниот суд на РСМ.
Во јануари 2024 година се избрани 8 нови судии, за кои постапката завршила во декември 2023 година, а во 2025 година беа избрани 10 нови судии, од кои 4 судии во јули 2025 година и 6 судии по завршување на жалбени постапки од 02.09.2025 година.
На овој начин, во контролниот период било извршено делумно пополнување на судиски места.
Сепак 38 пополнети места од 52 систематизирани судиски места претставува предизвик за исполнување на судската норма и одлучување во законски пропишаниот рок.
Граѓаните очекуваат ефикасна и навремена правда во разумен рок, но со постојниот ограничен број на судии, судска служба, услови за работа и ИТ и друга технологијата не може да се овозможи бараниот резултат, од каде се креира незадоволство и кај граѓаните и кај вработените во правосудните органи.
Препорака: системско решение со Акциски план за подобрување на работата на судовите, преку воведување на дигитализација и други услуги, паралелно со зголемување на бројот на вработени во судовите (судии, судска служба) воведување


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

на електронските документи и електронско работење како единствено, со овозможување на хартиени копии.
Секое понатамошно работење, во хартија и електронски систем претставува вистинско оптоварување за целиот правосуден систем. Од воведувањето на АКМИС се поминати повеќе од 15 години, а законите за електронски документи се во сила и примена. Клучен е следниот период на воведување на модерни поврзани системи кои ја растоварат судската служба од преоптоварување со администрирање на предметите и можност за извршување на нивната клучна функција за стручна поддршка на судијата во успешно завршување на предметите во разумен рок.
Судскиот совет во целиот процес треба да ја има клучната улога преку Судскиот буџетски совет, со добро подготвени документи со план за динамичен развој на остварување на наведените цели.
Владата на Република Северна Македонија согласно својата надлежност е потребно да обезбеди услови за работа на правосудните органи и во таа насока, потребна е стратешка координација со Судскиот совет на РСМ, Министерството за правда и Министерството за финансии.

3. **Годишен распоред на судии (дали е донесен до 31 декември тековната година за следната година) со сите измени на годишниот распоред на судии (колку пати е менуван), со записници за спроведената постапка (мислење од седница на судии и достава до сите судии 113 СД)**

Су 03-440/23-2 од 28.12.2023 година, Су 03-440/23-4 од 18.01.2024 година, - избор на нови судии, Су 03-440/23-9 од 01.04.2024 година за заминување на судија во пензија, Су 03-440/23-11 заради уредување на замена во кривичен оддел во прекршоци и во граѓански оддел,Су 03-440/23-12 од 10.07.2024 година, заради заминување на судија во пензија, Су 03-440/23-12 од 05.09.2024 година, претседателката на судот не постапува по предмети, Су 03-440/23-15 од 06.09.2024 година за замени во граѓански судии со 4 судии во оддел, Су 03-440/23-16 од 21.11.2024 година
Су 03 420/24 од 27.12.2024 година, Су 03 420/24-4 од 16.01.2025 година заради барање на судија, Су 03 420/24-5 од 06.03.2025 година, заради барање на судија за да не постапуваат како член во совет (нема измени во предмети), Су. 03 420/24-7 од 08.04.2025 година, заради времено оддалечување на судии, Су. 03 420/24-9 од 02.06.2025 година заради на 3 судии во повисок суд Врховен суд и оддалечување на еден судија, Су. 03 420/24-11 од 09.06.2025 година, заради враќање на судија во судот откако престанал основот за мирување на функцијата, Су. 03 420/24-12 од 08.07.2025 година, заради избор на 4 нови судии, Су. 03 420/24-14 од 02.09.2025 година по извршен избор на 6 нови судии, Су 03-420/24-17 од 14.10.2025 година,


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Су 03 бр.440/25-2 од 26.12.2025 година, Су 03 бр.440/25-4 од 15.01.2026 година, заради остварување на право на пензија на судија, Су 03 бр.440/25-5 од 23.01.2026година заради времено оддалечување на судија, Су 03 бр.440/25-7 од 03.03.2026 година, заради замена во совет за прекршоци во кривичен оддел.

**4. План за годишен одмор на судиите (115 СД)**

Су 04-72/24 од 04.07.2024 година, Су 04-65/25 од 09.07.2025 година.
Извештај за преиспитување на раководството Су 03-59/24-29 од 06.11.2024 година.

**5. Формирана служба за информатика како посебна организациона единица**

Во Апелациониот суд Скопје формирано е Одделение за информатика како посебна организациона единица во која е вработен еден информатичар - раководител на одделение. Според последната измена на систематизација одделението е подигнато на ниво на служба, и се чека префрлање на средствата од финансии за да може да се унапреди информатичарот.
Ова претставува позитивен пример и за другите судови.

*Препорака: Судскиот буџетски совет во соработка со Министерството за финансии да обезбеди средства за унапредување на службениците кои со години останале на истото работно место (повеќе од 5, 10, 15 или 20 години) и секоја година да се обезбедуваат средства почнувајќи од најдолго вработените кои останале на исто работно место.*

**6. Формиран оддел за судска практика во судот**

Да, наведено е погоре во прашањето број 3.

**7. Формирана канцеларија за односи со јавноста (101 СД)**

Согласно одредбите на Судскиот деловник во Судот е формирана и функционира Канцеларија каде е вработено лице судски соработник за односи со јавноста Нино Јаневски, кој истовремено е официр за заштита на лични податоци согласно закон.
Согласно член 97 став 1 од Законот за судовите за односи со јавноста определени се судија м-р Александар Шопов за граѓанско и судија д-р Габриела Гајдова.

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

8. **Судски администратор и распределба на службеници (60 СД)**

Маја Христовска, судски администратор, распоред за работа Су -07-4/24 од 22.01.2024 година, Су -07-1/25 од 02.06.2025 година, СУ-07-1/26 од 02.01.2026 година Пополнети се 105 места од предвидените 244 места за судска служба.
Како е наведено во воведното излагање и од претседателот на судот, значително се намалува бројот на вработени каде е се поголем одливот по разни основи, но нема нови вработувања.
Најзагрижувачка е состојбата со судските референти дактилографи каде од предвидените 37 работни места, останати се пополнети само 15, а за напомена е и околноста што сите се веќе повозрасни со голем работен стаж.

9. **Службени белешки за извршен редовен надзор над навремено и уредно извршување на работите во судот најмалку двапати годишно (член 17 СД) за 2024, 2025 и 2026 година.**

Редовно двапати годишно се врши надзор и се изготвува - Извештај за преиспитување на раководството, Су 03-59/24-29 од 06.11.2024 година, Су 03-159/25-9 од 24.04.2025.

10. **Записници од одржани седници на судии на месечно ниво (член 19 и 22 СД) увид во записници, Записници од одржани седници на судски оддели доставени до претседателот на судот (член 67 СД) увид во записници**

Седница на судии се одржува најмалку еднаш месечно, пред да се достави извештај за работата на судиите до Судскиот совет на РСМ, а по потреба и почесто. Записниците се објавуваат на интерната страница на Судот, а донесените заклучоци се содржани во Билтен.
Су-290/25 од 07.07.2025 година, граѓански оддел , Су-258/25 од 10.06.2025 година.
Записници од одржани месечни седници на претседателот на судот со судии заведени во СУ уписник (член 19 и 22 СД) увид во записници Су-540/24 од 08.10.2024 година, Су-478/25 од 26.12.2025 година.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски " бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

11. **Статистички извештај за работата на судот доставен до Судски совет (член 84 од СД) со анализа за начин на решавање на решени предмети, одлуки на повисоки судови за предмети по правен лек и посебно издвоени податоци за застарени, стари и укинати предмети**

Су-03-65/24 од 13.02.2024 година, СУ-01-7/26 од 12.02.2026 година.

12. **Извештај од повисокиот суд за работата на Апелационен суд Скопје за 2024, 2025 и 2026 година**

Врховен суд во 2024 година извршил посета на судот.

13. **Надзор над работата на нотарите**

Кога се вршат посети на основните судови се проверува дали се врши редовен надзор од страна на основните судови.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА АКМИС

14. **Организирани обуки на судии и судски службеници за користење на АКМИС (26 СД)**

Информатичарот редовно посетува специјализирани информатички обуки во организација на Академија за судии и јавни обвинители. Вработените многу добро го владеат АКМИС и имаат меѓусебна соработка за тековни проблеми со системот. Нема нови вработени од 2022 година кои би имале потреба од обука.
Исто така на интерната веб страна на судот за вработените достапни се упатства за АКМИС на кои можат да им пристапат во секој момент.

15. **Преглед на информатичката опрема со која располага судот**

На надзорната комисија и беше доставен на увид Список на информатичка опрема со која располага Апелационен суд Скопје. Бевме информирани дека АС Скопје располага со компјутерска опрема која делумно ги задоволува потребите на вработените и работењето во целост.

Тековните компјутери кои ги користат судиите се стари 10 години и неопходно е нивно менување.
Оваа година одобрени се средства за набавка на 60 нови компјутери.
Во 2025 година се набавени 16 нови скенери, 5 печатари и еден МФУ.

### 16. Список на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи со степен на достапност до АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД) На увид

Судот има изработени списоци на судии и судски службеници распоредени по кориснички групи при користење на АКМИС, СУ-07-8/24 од 25.01.2024 година, СУ-07-8/25 од 21.01.2025 година и СУ-07-2/26 од 02.01.2026 година, кои не се внесуваат редовно во АКМИС. На надзорната комисија и беа доставени и списоци во кои се евидентира секоја промена на кориснички привилегии кои исто така не се внесуваат во АКМИС како акт редовно. Еден судија работи само на еден уписник, нема судија што работи на повеќе уписници. Постои специјализација на судиите по материја.

*Препорака: Списоците да се внесуваат како акти редовно во АКМИС системот и списоците да бидат дополнети со соодветен уписник до кој пристапува соодветниот корисник во АКМИС.*

Појаснување од судот: Корисничките привилегии се внесуваат во табели, кои при копирање во АКМИС стануваат нечитливи. Не е пропишан образец за овој тип на документ, во кој се дефинирани функционалните улоги на корисниците на АКМИС, судија не се поврзува со уписник, а за останатите вработени привилегиите во системот се доделуват согласно изготвените распореди за работа.

### 17. Внатрешни процедури за привилегии за АКМИС, за контролираниот период (член 61 СД)

Има, Су-03-42/24 од 31.01.2024 година, СУ-03-58/25 од 06.02.2025 година, Су-03-16/26 од 20.01.2026 година.

**18. Месечните распореди и времетраење на дежурства во судот, евидентирани во АКМИС за контролираниот период (116)**

Немаат класични дежурства, туку има Распоред за работа на судските совети за период од 15.07. до 31.08., кој се имплементира во АКМИС. Су-03-220/24 од 10.07.2024 година, СУ-03-240/25 од
08.07.2025 година

Дежурствата се внесуваат во месечниот календар на АКМИС. Дежурните судии ги добиваат итните предмети.

**19. Скенирање на влезни документи**

Секој дополнителен документ кој влегува во судот се скенира. Не се скенираат списите кои се добиваат од првостепените судови. Потребно е хоризонтално и вертикално поврзување на судовите.
Судот располага со вкупно 26 скенери, и истите редовно се користат и ги задоволуваат потребите за скенирање на документи на судската писарница и останатите помошно технички служби.

**20. Електронски прием на предмети од страна на судиите**

Редовно се врши електронски прием на предметите од страна на судиите.

**21. Судски службеник задолжен за АКМИС, за распределба и прераспределба на предмети (негово физичко присуство 89 СД)**

Со одлуки СУ-07-7/2024 од 21.01.2024 година, СУ-07-8/25 од 20.01.2025 година и СУ-07-3/2026 од 03.01.2026 година определена е Наташа Однакозова Жабокова – раководител на одделение за информатика како судски службеник одговорен за АКМИС. Актите се уредно внесени во АКМИС.
Распределбата и прераспределбата на предмети ја вршат четворица судски службеници – водители на уписници во граѓанска и кривична материја соодветно.

**22. Сите одлуки со образложена наредба за причини за исклучување на судија од распределба на предмети за 2024, 2025 и 2026 година (175 став 5 СД)**

Исклучување и повторно вклучување на судии од распределба на предмети од АКМИС се врши со образложена наредба за причини за исклучување и наредба за

повторно вклучување (СУ-29/24 од 31.01.2024, СУ-29/24-2 од 02.05.2024, СУ-495/24 од 26.08.2024, СУ-495/24-2 од 10.09.2024, СУ-34/25 од 03.02.2025, СУ-34/25-2 од 10.02.2025, СУ-196/25 од 07.04.2025, СУ-196/25-2 од 10.04.2025, СУ-345/25 од 16.10.2025, СУ-345/25-2 од 01.10.2025, СУ-3/26 од 08.01.2026 и СУ-3/26-2 од 27.01.2026). Исклучувањата се вршат доколку судијата е отсутен подолго од пет работни денови, но не се врши исклучување од автоматска распределба за време на годишните одмори. За време на судската ферија редовните предмети се распоредуваат автоматски, додека итните предмети се распоредуваат на дежурните судии согласно распоредот за работа.
Актите за повторно вклучување делумно се внесуваат во АКМИС.
Во однос на третиот модел за прераспределба на предмети (чл.181 ст.4 од СД) во АКМИС, поднесен е приговор од страна на судијата Санде Зиков кој смета дека не е коректна нивелацијата на број на предмети по судија предвидена со овој модел.

При формирање на ново судиско одделение, се применува третиот модел како единствен за автоматска прераспределба на предмети. Пред три месеци предлогот не е прифатен од страна на Работното тело за стандардизација на постапките во судовите.

Апелациониот суд Скопје има поднесено барање за дополнување на АКМИС со можност за препознавање на текст од скениран документ (OCR). Се укажува потребата за поактивна улога на работното тело за стандардизација во Врховниот суд.

**23. Сите одлуки за повторна автоматска распределба на предметите заради изземање на судија, и одлуките за изземање за 2024, 2025 и 2026 година**

Изземањето на судија известител се врши со Решение кое е образложено, по што предметот се враќа на повторна автоматска распределба. Беше посочено дека постојат различни причина за изземање на судии во АС Скопје: поради необезбеден сигурносен сертификат, роднински врски, судија во претходна постапка, како и член на совет.
Комисијата беше известена дека во случај на изземање на член на совет (составен од тројца или пет судии) предметот се предава на заменикот судија, а во случај на изземање на судија известител, предметот се враќа на повторна автоматска распределба преку АКМИС.
Беше направен увид по случаен избор во следните усвоени Решенија за изземања: СУ-ИЗЗ- 169/24 од 07.06.2024, СУ-ИЗЗ-298/24 од 08.11.2024, СУ-ИЗЗ- 331/24 од 22.11.2024, СУ-ИЗЗ- 372/24 од 17.12.2024, СУ-ИЗЗ-52/25 од 14.02.2025, СУ-ИЗЗ-63/25 од

21.02.2025, СУ-ИЗЗ-133/25 од 09.04.2025, СУ-ИЗЗ-147/25 од 15.04.2025, СУ-ИЗЗ-208/25 од 19.06.2025, СУ-ИЗЗ-220/25 од 04.07.2025, СУ-ИЗЗ-225/25 од 09.07.2025, СУ-ИЗЗ-230/25 од 11.07.2025, СУ-ИЗЗ-250/25 од 03.09.2025, СУ-ИЗЗ-399/25 од 13.11.2025, СУ-ИЗЗ-31/26 од 21.01.2026, СУ-ИЗЗ-48/26 од 27.01.2026 и СУ-ИЗЗ-146/26 од 13.03.2026
Сите изземања се уредно внесени во АКМИС.

**24. Сите одлуки за рачна распределба на предмети од АКМИС за 2024, 2025 и 2026 година**

Претседателот на судот информираше дека нема одлуки за рачна распределба на предмети.

**25. Уписници за кои ќе се оцени дека треба да бидат ставени на увид ќе бидат побарани за време на надзорот (ГЖ и КЖ од бараниот период)**

За време на увидот детално се проверени дел од уписниците од 2024, 2025 и 2026 година. По уписниците од судска управа - СУ и уписникот СПИ постапува само претседателот на судот, и во негово отсуство заменикот на претседателот.
Редовните предмети се распоредуваат автоматски во сите уписници кои се вклучени во автоматска распределба, освен поврзаните предмети, итните предмети и уписниците за кои е доделен само еден судија - носител.
На денот на надзорот при проверка на контролниците не беа воочени вклучување и исклучување на судии на ист датум за контролираниот период.
Рачно преку АКМИС само еднаш се распоредуваат сите предмети од уписници по кои постапува само еден судија. Нема ниту една рачна прерасподелба повеќе пати преку АКМИС.

Со копче судија се распоредуваат сите итни предмети, а на денот на надзорот воочени се распределби со копче - судија повеќе пати во ист ден за седум предмети.
ГЖ-292/2026 - 2 пати распределен со копче судија на ден 03.02.2026, грешка во АКМИС при распределба.
ГЖ-1665/2025 - 3 пати распределен со копче судија на ден 08.07.2025, грешка во АКМИС при распределба.
ГЖ-620/2025 - 2 пати распределен со копче судија на ден 05.03.2025, грешка во АКМИС при распределба.
ГЖ-3254/24 - 2 пати копче судија, ГЖ-820/25 - 2 пати копче судија, КЖ-774/25 - 2 пати копче судија, ТСЖ-1084/25 - 2 пати копче судија.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски“ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

Објаснување од судот: На датите кога се забележува ваквата состојба, судските службеници кои вршат распределба на предмети имаат изготвено службени белешки во кои укажале за технички проблеми при користење на АКМИС. Истите се пријавени во Еду софт, утврдени се причините и начинот за надминување на техничките проблеми, па со интервенции на серверите истите се надминати. Доставена Прилог документација за истото.

По случаен избор беше направен увид во следните предмети:

- РОЖ бр.578/25 - поднесен и примен на ден 09.05.2025 година, автоматски распределен на ден 09.05.2025 година и примен кај судија на ден 05.12.2025 година
- КЖ бр.1000/24 - поднесен и примен на ден 28.10.2024 година, рачно распределен преку АКМИС на ден 28.10.2024 година поради поврзан предмет и примен кај судија на ден 29.10.2028 година
- ГЖ бр.13/26 - поднесен и примен на ден 09.01.2026 година, распределба со копче судија на ден 09.01.2026 година затоа што е времена мерка и примен кај судија истиот ден
- ТСЖ бр.1333/24 - поднесен и примен на ден 06.12.2024 година, распореден со копче судија на ден 06.12.2024 година затоа што е времена мерка, и примен кај судија на ден 10.12.2024 година
- КОК бр. 73/25 - поднесен и примен на ден 12.12.2024 година, распореден со копче судија на ден 06.12.2024 година затоа што е времена мерка, и примен кај судија на ден 10.12.2024 година
- КОКЖ бр.75/25 - примен на ден 11.06.2025 година, поднесен на ден 12.06.2025 година, распореден со надоврзување на ден 12.06.2025 година, и примен кај судија истиот ден
- ТСЖ бр.88/25 - поднесен, примен и автоматски распределен на ден 22.01.2025 година, прераспределба автоматски на ден 09.04.2025 година со Одлука Су-03-420/24-7 од ден 08.04.2025 година, и две прераспределби по модул прераспределба на нови судии на ден 09.07.2025 и 03.09.2025 година со Одлуки Су-03-420/24-12 од 08.07.2025 и Су-03-420/24-14 од 02.09.2025

ISO 9001
BUREAU VERITAS
Certification

**26. Увид во предмети кои на денот на надзорот треба да бидат распределени, по уписник (број на предмети и датум на заведување и време на распределување)**

Во моментот на надзорот има 87 новопримени, редовни предмети за автоматска распределба, која согласно интерна одлука се врши секој ден околу 14 часот.

**27. Уписници што се водат во хартиена форма**

Нема

**28. Користење на тонско снимање и опрема за тонско снимање**

Со тонското снимање во судот опремени се вкупно три судници, од кои две граѓански и една кривична, нема систем за аудио-видео снимање на судските рочишта. За предметите од граѓанска материја редовно се користи тонското снимање.Во текот на 2025 година компјутерот во една судница е надграден со нова верзија на софтверот за тонско снимање, а ова треба да се обезбеди и за останатите судници.

**29. Електронска достава**

Во Апелациониот суд Скопје, се користи „Системот за електронска достава на судски документи". Системот е оценет како ефикасен и едноставен за користење од страна на корисниците. Вработените во судските писарници, по добиена наредба од судиите, вршат електронска достава на разни писмена (одлуки, покани, писма и др.) и притоа не се забележани никакви недостатоци. Во текот на 2024 година извршена е електронска достава на 1.175 писмена во вкупно 1.029 предмети, а во текот на 2025 година извршена е електронска достава на 3.464 писмена во вкупно 1.393 предмети.

## ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТНО ТЕЛО

**30. Одлука за формирање на работно тело за управување со движење на предметите во судот за 2024, 2025 и 2026 година (член 16 СД)**

Су 03-32/24 од 22.01.2024 година, Су 03-58/25-2 од 03.06.2025 година, СУ-03-13/26 од 15.01.2026 година.

31. **Годишен план за управување со движењето на предметите за 2024, 2025 и 2026 година по предлог на работното тело**

Су 03 –41/24 од 31.01.2024 година, Су 03 59/25 од 06.02.2025 година, Су-03-43/26 од 05.02.2026 година.

**32. Внатрешни процедури**

Су 03-42/24 од 31.01.2024 година, Су-03-58/25 од 06.02.2025 година, Су-03-16/26 од 20.01.2026 година.

33. **Сите месечни извештаи на работното тело во судот доставени до претседателот на судот за спроведување на годишниот план за управување со движењето на предметите во судот со констатирани недоследности, образложени причини за настанување на истите и предлог мерки за нивно надминување (член 8 од ЗУДПС)**

Су-07-13/24-6 од 10.07.2024 година,
Судот посебно донел програма за интензивирање на решавање на старите предмети и предмети кои според законот и Судскиот деловник имаат приоритетно решавање Су-03-99/25 од 13.03.2025 година,
Су 07-6/25-6 од 16.06.2025 година, Су 07-5/26-3 од 10.03.2026 година

## ДРУГИ ОПШТИ ПОДАТОЦИ

34. **Информирање на јавноста за резултатите од работењето на судот и судиите (најмалку еднаш годишно) за контролираниот период**

Соопштенија за јавноста, сите акти се објавени стратешки планови, извештаите за работа и други документи.

**35. Огласна табла на судот**

Има огласна табла уредно поставена на влезот во судот.


Министерство за правда на Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk

**36. Простории за судии поротници и за адвокати**

Имаат соодветни простории.

**37. Објавени правосилни судски одлуки на веб страната на судот за 2024, 2025 и 2026 година**

Надзорната комисија беше информирана дека во судот редовно се објавуваат анонимизирани правосилни одлуки на судскиот веб портал. Бројот на објавени одлуки за цела 2024 година изнесува 6439 одлуки, за 2025 година изнесува 3454 одлуки, за 2026 година до денот на надзорот објавени се вкупно 321 одлуки. Во судот има лице задолжено за анонимизација и објавување на сите одлуки. Од 2024 година се објавуваат и неправосилни одлуки согласно начелен став на Врховниот суд.
Редовно се објавуваат сите задолжителни документи на веб страната на судот.

38. **Архива**

Во Судот редовно, согласно чл.21 ст.3 од Законот за архивски материјал Сл. Весник на РМ бр.95/2012, чл. 369-376 од Судскиот деловник (Сл.Весник на РМ бр.66/2013 и 185/14) и Упатство за начинот и техниката на постапување со документарниот материјал и архивска граѓа во канцеларискиот и архивското работење (Сл. Весник бр.99/14) се изготвуваат:

- Листа на документиран материјал со рокови на негово чување;
- План за архивските знаци за распоредување на завршените предмети и
- Листа на архивски матријал од трајна вредност.

Наведените документи се доставуват на увид и одобрување во Архив на РСМ, по што се врши ништење на материјалот за кој е истечен рокот на чување.

Архивата е уредно средена, предметите се наредени на полици.
Дел од архивските простории се реновирани во текот на 2025 година.

ПРЕДИЗВИЦИ СО КОИ СЕ СООЧУВА СУДОТ

39. **Прашања за кои претседателот на судот, судскиот администратор или судската служба при вршењето на работите во судот можат да укажат дека им го отежнуваат работењето во врска со АКМИС или општо ефикасното работење на судот**

Во воведниот дел се истакнати предизвиците со кои се соочува судот.

Апелациониот суд Скопје, покрај бројните предизвици со кои се соочува, како недостаток на судсики кадар и голем број непополнети работни места во судската служба, од една страна и континуирано големиот број на предемти во работа, од друга страна а во услови на недоволни материјално-финансиски средства, сепак успешно функционира и ги извршува работите од својата надлежност.

Увидот заврши на ден 16.03.2026 во 14:30 часот.


Министерство за правда на
Република Северна Македонија
Ул. „Димитрие Чуповски “ бр. 9, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3116 493
www.pravda.gov.mk